ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање мислење за начинот на постапување со кое се бара мислење во однос на член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со тоа дали може да спроведува обуки, работилници, семинари на теми поврзано со ревизијата, финансиско управување и контрола, управување со ризици, јавна набавки, превенција од корупција, управување со ризици од корупција, сметководство, во улога на модератор на предавање и јавни дебати, да учествува во подготвување на трудови и текстови од оваа област, подготовка на материјали за обука, едукативни прирачници и статии, како и учество како предавач на едукативни настани што се специјалност во досегашната професионална и академска надградба.
Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.
Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека:
„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено“.

Постапувањето во случај на постоење судир на интереси кај службените лица е предвидено со член 72 став (1) и (2) од истиот Закон:

Член 72 став (1) и (2)

„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 75 став (1)

„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, **е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување**.“

Исто така, Државната комисија укажа и на Начелото на интегритет по што секое службено лице е должно да го почитува при извршувањето на своите јавни овластувања и должности:

Член 4 - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:
„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.

Со оглед на тоа дека врши службени должности како овластен државен ревизор во Државниот завод за ревизија, Државната комисија известува дека согласно

цитираните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се работи за службено лице кое може да остварува приходи извршувајќи активности предвидени со член 44 став (6) од истиот закон, **освен ако со закон не е поинаку определено.**

Исто така, Државната комисија укажува на тоа дека при вршењето на активностите од член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси потребно е да се внимава за да не се доведе во ситуација на состојба на судир на интереси или ситуација со која би дошло до повреда на Начелото на интегритет, а во врска со надлежности како овластен државен ревизор во Државниот завод за ревизија, како и надлежностите на самиот Државен завод за ревизија.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk